HydroBlocker

# WRC COATING

**КАРАКТЕРИСТИКИ**
• Погоден за моментална употреба (еднокомпонентен систем),
• Низок вискозитет
• Не содржи растворувачи
• Не содржи изоцијанати
• Одлична обработливост, едноставно нанесување, се нанесува во два слоја
• Одлично се прилепува на различни површини како што се: (бетон, цементна кошулка, гипсани плочи, цигли, OSB плочи итн.)
• Способност за премостување на пукнатини
• Се стврднува на собна температура
• Потрошувачка: 1–1,3 kg/m2 (еден слој); 2–2,6 kg/m2 (за два наноса)

---

**ТЕСТОВИ И СЕРТИФИКАТИ** Течен, за вградување, еднокомпонентен, водонепропустлив премаз DM O1, за внатрешна и надворешна употреба под керамички плочки (лепени со лепило од класа C2 во согласност со EN 12004)

EN 14891: 2012 CE знак

---

**ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА**
Премазот е погоден за обезбедување на водозаптивност:
• Купатила, перални, туш-кабина
• Балкони и тераси
• Суво монтажни елементи, малтери, цементни и гипсани површини, цигли, елементи од пенаст бетон, OSB плочи

**Премазот секогаш се нанесува под завршната облога (под керамичките плочки, мозаици, камен ...)*

---

**УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА:**
Површината мора да биде цврста и без нечистотии (прашина, маснотии) како и без остатоци од фарби или од други премази, односно супстанци кои би можеле да влијаат на прилепувањето. Треба да се отстранат сите разлабавени и слабо врзани делови. За порозните подлоги препорачуваме претходна употреба на средството за импрегнација HydroBlocker WRC Primer. Пред нанесувањето на производот HydroBlocker WRC Coating потребно е вградување на заптивните ленти HydroBlocker Tekatrak на места на споеви на притисокот и ѕидот, аголните спојки како и на местата на кои доаѓа до дилатација. HydroBlocker WRC coating пред употреба да се измеша. Производот се нанесува со валец, четка или со мистрија во два слоја (дебелината на наносот на секој слој треба да изнесува ca. 1–2 mm). Вториот слој се нанесува кога ќе се исуши првиот слој и тоа под прав агол во однос на првиот слој. Конечната дебелина на стврднатата мембрана мора да изнесува најмалку 1 mm. Времето потребно за сушење на секој слој изнесува 3–4 ч на 23°C и 50% влажност на воздухот. Облогите од керамички плочки, камен и мозаик може да се лепат 12 ч по нанесувањето на премазот. Пред лепењето на завршната облога потребно е да се провери дали е хомогена површината на нанесената мембрана HydroBlocker WRC Coating, без неисполнети отвори и без меурчиња. Во случај на споменатото потребно е проблематичните делови повторно да се премачкаат. Завршните облоги ги лепиме со употреба на цементни лепила од класа C2 во согласност со стандардот EN 12004 и избрани во согласност со типот на завршната облога.
Алатите за нанесување како и остатоците од свежа маса веднаш по употреба да се исчистат со вода.

**HYDROBLOCKER WRC COATING** е еднокомпонентен премаз за обезбедување на водозаптивност во купатила, перални, туш-кабини, на балкони, тераси и во други влажни простории. Премазот се нанесува непосредно под завршната облога од керамички плочки, камења, мозаици. Поради високата содржина на полимери веќе стврднатиот премаз и покрај различните услови на средината останува извонредно еластичен.



# HydroBlocker WRC COATING

## ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

*Нестврднат премаз*

| | | |
|---|---|---|
| Основа | | акрилна мембрана |
| Изглед | | течна паста |
| Механизам на стврднување | | испарување на водата |
| PH | | 8–9,5 |
| Специфична густина | | 1,4–1,5 g/cm3 |
| Време потребно за создавање на кора | 23˚C/ 50 % рел.вл. | ca. 60 мин. |
| Време потребно за стврднување на поединечен слој на лепило (1 mm) | 23˚C/ 50% рел.вл. | 3–4 h |
| Лепилото за плочки на премазот можеме да го нанесеме 12ч по нанесувањето на премазот | | |
| Температура на нанесување | | +5°C до +30°C |

*Стврднат премаз*

| | | |
|---|---|---|
| Тврдост Shore | A ISO 868 655 | |
| Промена на волуменот | ISO 10563 | < 25% |
| Релативно растегнување | | > 100% |
| Затегнувачка цврстина | ISO 37 | 1 - 1,8 MPa |
| Модул Е 100 | ISO 1 дел 1 | > 1,5 MPa |
| Температурна постојаност | | од -5°C до +75°C |

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

- Премазот не се нанесува преку замрзнати и премногу жешки подлоги.
- Премазот не се користи на места кои се константно оптеретени со вода (базени за пливање, резервоари ...)

## ПАКУВАЊЕ

5 kg, 10 kg кофа

## СКЛАДИРАЊЕ

12 месеци во сув и ладен простор на температура помеѓу 5 °C и 30 °C во оригинално затворена амбалажа. Доколку истече датумот на рокот на траење на етикетата, тоа не значи дека е производот неупотреблив. Потребно е да се проверат карактеристиките на производот.

## ЗДРАВЈЕ, БЕЗБЕДНОСТ, РАКУВАЊЕ И ИНФОРМАЦИИ ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ

Дополнителните информации за безбедноста, упатството за безбедно постапување, опрема за лична заштита, како и информациите за отстранувањето се наоѓаат во безбедносниот лист. Безбедносниот лист може да се добие на барање. Примерокот можете да го добиете и кај вашиот продажен застапник ТКК.

## ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Упатствата се дадени врз основа на нашите истражувања и искуства, меѓутоа, поради специфичноста на условите и начинот на работа препорачуваме да изведете тестирања за секој случај на примена.

**CE во согласност со EN 14891:2012**

**CE**
17
ТКК д.о.о.
Српеница 1, 5224 Српеница, Словенија
**HYDROBLOCKER WRC COATING**
DOP: 932743545
EN 148912012
Течен, за вградување, еднокомпонентен, водонепропустлив производ DM O1, за внатрешна и надворешна употреба под керамички плочки (лепени со лепило од класа C2 во согласност со EN 12004)
Почетна затегнувачка цврстина на прилепување ≥ 0,5 N/mm2
Стабилност на затегнувачка цврстина на прилепување по контактот со вода ≥ 0,5 N/mm2
Стабилност на затегнувачка цврстина на прилепување по топлотното стареење ≥ 0,5 N/mm2
Стабилност на затегнувачка цврстина на прилепување по циклусот на замрзнување и растопување ≥ 0,5 N/mm2
Стабилност на затегнувачка цврстина на прилепување по контактот со варова вода ≥ 0,5 N/mm2
Водонепропустливост – без пенетрација
Способност за премостување на пукнатини при стандардни услови (23°C) ≥ 0,75 mm
Способност за премостување на пукнатини при ниски температури (- 5°C) ≥ 0,75 mm

Услови на тестирање:
Број на нанесени слоеви: 2
Време на сушење на поединечен слој: 3–4 h
Конечна дебелина на нанесената мембрана: свежа 2 mm, стврднатa ca. 1,5 mm
Класа на лепилото за плочки: C2 во согласност со стандардот EN 12004